Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.12.2021 година, донесе

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН
## за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година

I

**Увод**

Рамноправноста меѓу половите е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија која се заснова на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив развој, уживање на човековите права и практикување на демократските вредности.

Законот за еднакви можности на мажите и жените има за цел да го промовира концептот на еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот како процес на отстранување на пречките за воспоставување и остварување рамноправност меѓу жените и мажите.

Со овој Закон изречно се забранува дискриминацијата како „секое разликување, искористување или ограничување врз основа на пол што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на човековите права и слободи“ во јавниот и во приватниот сектор и тоа во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот.

Отсуството на дискриминација, како директна, така и индиректна, согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените обезбедува „еднаков третман“ меѓу половите. „Воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“ согласно Законот, значи обезбедување „еднакви можности за мажите и жените“.

**Мерки за остварување на принципот на еднакви можности**

Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за жените и мажите, Законот предвидува две групи мерки: основни и посебни. Посебните мерки се важни, затоа што се усвојуваат и од страна на единиците на локалната самоуправа.

Основните мерки повеќе се во сферата на нормирањето и планирањето, а посебните мерки повеќе се однесуваат на воспоставувањето односно **заживувањето на принципот на еднакви можности** на мажите и жените преку отстранување на

објективните пречки за неговата реализација, односно елиминирање на условите кои генерираат дискриминација по основ на пол.

Согласно Законот ова треба да се реализира, пред сè, преку три вида мерки.

**1. Позитивните мерки** се однесуваат на воспоставување еднаква застапеност на мажите и жените во јавниот и политичкиот живот на државата и во тој правец предвидуваат приоритет на соодветниот пол сè до воспоставувањето еднакво учество на мажите и жените. Ваквата мерка се однесува на сите нивоа на власт, вклучувајќи ја и локалната, сите јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори.
**2. Охрабрувачките мерки** предвидуваат различни активности кои треба да ги поттикнат слободите и напорите за елиминирање на нееднаквата застапеност, односно нееднаквиот третман.
**3. Програмските мерки** се насочени кон подигање на свеста со цел да се поттикне воведувањето и унапредувањето на принципот на еднакви можности на мажите и жените.

Единиците на локалната самоуправа се обврзани согласно Законот да го почитуваат принципот на еднакви можности на жените и мажите и да усвојуваат мерки и да преземаат активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

**Задачи за спроведување на пропишаните законски мерки**

**1. Согласно членот 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, единиците на локалната самоуправа се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци и овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност.**

Прибраните статистички податоци се база на родовите анализи кои претставуваат следен чекор што претходи на градењето политики и преземањето соодветни програмски мерки во делот на родовата еднаквост.

Во рамките на своите надлежности и поле на дејствување, Општина Кочани е должна да преземе позитивни мерки за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на анализи за статусот на жените и мажите.

**2. Воведување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Кочани**

Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики, потреби и интереси во дадена област односно активност. Воведувањето на родовата перспектива во политиките и програмите (gender mainstreaming) е важен концепт кога станува збор за еднакви можности на жените и мажите.

Тоа претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и

мажите. Тоа значи, проценка на тоа како политиките влијаат врз животот и местото на жената и мажот.

Според тоа, потребно е детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на девојчињата и момчињата, жените и мажите.

Ова значи дека Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Кочани треба да функционира како централно тело на локално ниво со надлежности во однос на воспоставувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Другите комисии при Советот на Општина Кочани е потребно да бараат мислење од оваа Комисија за материјалите кои уредуваат или обработуваат прашања од значење за остварувањето на принципот на еднакви можности пред да ги достават до Советот на Општина Кочани на разгледување, утврдување, односно донесување.

**3. Јакнење на соработката на координаторите и Комисијата за еднакви можности со субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување еднакви можности**

Запознавањето со политиките за родова рамноправност претставува начин на комуникација и воспоставување соработка меѓу координаторите за еднакви можности во единиците на локалната самоуправа и Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика.

Потребата од дијалог помеѓу релевантните чинители е неопходна за да се овозможи слично ниво на работа и политики. Координативниот механизам е важен заради информираноста на координаторите за меѓусебните дејствувања на локално ниво – веќе е оформена платформа на која координаторите даваат препораки за потребните промени во политиките и законите, коишто произлегуваат од редовното известување. Неопходна е и редовна и континуирана координација меѓу ресорното министерство и координаторите од единиците на локалната самоуправа заради потребата од поддршка во обликувањето на политиките и мерките на општините во областа на родовата еднаквост.

Спроведувањето на активностите за унапредување на принципот на еднакви можности значи вклучување и јакнење на соработката со другите партнери: синдикалните организации, здруженијата на работодавачи и граѓанскиот сектор.

Соработката со народниот правобранител која е во рамките на уставните и законските овластувања и може да се реализира согласно неговата законски утврдена надлежност да се грижи за остварување на принципот на еднакви можности на жените и мажите и да обезбеди заштита кога нечие право е одземено или ограничено од орган или организација пред која е надлежен да постапува.

**4. Родово одговорно буџетирање преку проектот** *Промоција на родово одговорни политики и буџети во Југоисточна Европа*

Општина Кочани во 2017 година потпиша меморандум за соработка со UN Women за реализација на проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети во Југоисточна Европа.* Проектот продолжува да се реализира и во 2022 година.

Главната цел на проектот е да придонесе кон имплементација на обврските за остварување на родовата еднаквост и претставува продолжение на досегашните напори и постигнувања во насока на интегрирањето на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите. Проектот ги подобрува капацитетите на родовата машинерија и го подобрува степенот на познавање и имплементација на родово одговорното буџетирање.

Кочани е една од десетте општини кои во 2022 година се вклучени во програмата за економско јакнење на жените, со која се планирани обуки за: развој на бизнис-идеја и бизнис-план, претприемништво и менаџерски вештини, основни вештини за вработување и за дигитален маркетинг, онлајн продажба и употреба на дигитални технологии. Обуките ќе се спроведуваат во периодот од јануари до август 2022. Обуките ќе се спроведуваат со комбиниран пристап – онлајн и со физичко присуство, а начинот на нивната реализација ќе зависи од епидемиолошка состојба во периодот на одржување на обуките.

Обуките се дел од проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – СИДА.

**5. Родот и климатските промени**

Општина Кочани е влезена во менторската програма на тема Родот и климатските промени, наменета за претставниците на локалната и на централната власт. Програмата претставува дел од проектот „Зајакнување на институционалните и техничките капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз (СВIТ проект)" на Министерството за труд и социјална политика и УНДП.

Менторската програма ќе обезбеди поддршка за воведување на родова перспектива во општинските програми и надлежности кои се директно поврзани со влијанието на климатските промени. Исто така, менторската програма ќе обезбеди подготовка и реализација на мерки и програми на локално ниво во текот на 2022 година.

**Активности и финансиски импликации:**

Активностите од областа на родовата рамноправност се реализираат од посебна буџетска програма Џ0.

| | | **реализација** | | **финансирање** | **за имплементација/партнери** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции и по одредени состојби и проблематики кои произлегуваат од стратегиите кои државата ги има усвоено на национално ниво и во различни сфери | Континуирано во текот на целата година | Нема финансиски импликации | Човечки ресурси од Општина Кочани | - Општина Кочани<br>- Други институции<br>- Граѓански сектор | Редовно (месечно) собрани родово разделени статистички податоци од институциите и по области (Локална самоуправа; социјална политика; образование, здравство, култура, АВРМ, спорт и рекреација, урбанистичко планирање, компании) како база за родови анализи и развојни проекти |
| 2. | Активности и мерки за воспоставување еднакви можности во услови на здравствена криза | Во период на пандемијата | 60 000 ден. | Буџет на Општина Кочани, Џ0 | - Општина Кочани<br>- граѓански организации | Поддршка на 10-ина лица (жени/мажи) со здравствени последици од Ковид -19 |
| 3. | Обуки и координација за развој на родово одговорни политики за намалување на стакленичките гасови и прилагодување кон климатски промени и нивното влијание врз жените и мажите | Во текот на целата календарска година | Нема финансиски импликации | UN Women | UN Women<br>Општина Кочани | Обучени најмалку 20 лица / жени /земјоделки претставници од локалната заедница и здруженијата на граѓани за препознавање и воведување на мерки за намалување на последиците од влијанијата на климатските промени |
| 4. | Поддршка на граѓански организации во кампањи, одбележување јубилеи, празници и други хуманитарни активности | Во текот на целата календарска година | 70 000 ден. | Буџет на Општина Кочани, Џ0 | Општина Кочани | Организирани 4 настани/кампањи и подигната свеста на стотина граѓани за одредени здравствени и општествени состојби и поттикнување на активности за надминување на предизвиците (Настан – дел од кампања за борба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | против рак на градата; Настани за јакненење на свеста против родово базирано насилство; Едукативни сообраќајни активности; Мовембар, настани за подигање на свеста за машкото здравје...) |
| 5. | Поддршка на жени и мажи, лица во социјален ризик и лица со пречки во развојот | Март – поддршка на жени; Ноември – поддршка на мажи | 120 000 ден. | Буџет на Општина Кочани, Ц0 | Општина Кочани | Еднократна финансиска поддршка во висина од 6.000 ден. за 10 жени во социјален ризик и за 10 мажи во социјален ризик, болни од тешки болести |
| 6. | Активности и обуки за внесување на родовата перспектива во локалната средина - културни настани, промоции, концерти, предавања и др. | Во текот на целата календарска година | 20 000 ден. | Буџет на Општина Кочани, Ц0 | UN Women Општина Кочани | Реализирани најмалку 1 обука за јакнење на капацитетите на КЕМ и на Советот на Општина Кочани за воведување на родовата перспектива и родово одговорно буџетирање и најмалку 2 културни настана |
| 7. | Спроведување на други видови законски мерки за воспоставување еднакви можности на жените и мажите | Во текот на целата календарска година | 30 000 ден. | Буџет на Општина Кочани, Ц0 | Општина Кочани | Реализација на препораки/анализи/ студии, произлезени од граѓански и иницијативи на членови на Советот на Општина Кочани, во насока на спроведување целите и задачите произлезени од ЗЕМ и новата Стратегија за родова рамноправност |
| 8. | Обуки за економско јакнење на жените | Од јануари до август 2022 година | Нема финансиски импликации | UN Women | UN Women | 20-30 економски зајакнати жени за претприемништво, менаџерски вештини и онлајн продажба и дигитален маркетинг со посебен осврт на жените земјоделки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | и можностите за нивна регистрација и информирање за можностите за поддршка во процесите на прилагодување на нивното производство кон климатските промени |
| | | | **Вкупно: 300 000 денари** | | | |

II

Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година влегува во сила осмиот ден од денот на обајавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-3042/1
22.12.2021 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев